Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Технолошко-металуршки факултет - Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-83/1
14-01-2022 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член член 37 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 82/2018 и 178/2021), член 47 и 65 од Статутот на Технолошко-металуршки факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 466/2019) на ден 14.01.2022 година, в.д. деканот на Факултетот ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје и ставање во мирување на постапката на изборите

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје бр. 02-1944/1 од 30.12.2021 година и изборната постапка се става во мирување.

**Член 2**

Изборната постапка се става во мирување во период од 15 јануари 2022 година до 14 февруари 2022 година, согласно член 48 од Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје.

Во овој период изборните дејствија се ставаат во мирување и не може да се поднесуваат пријави за кандидат на претседател на Факултетското студентско собрание.

**Член 3**

Во член 2 од Одлуката, датумот на одржување на изборите се менува, односно наместо 28 јануари 2022 година, изборите ќе се одржат со тајно гласање **на 24 февруари 2022 година.**

**Член 4**

Во член 3 од Одлуката, составот на комисијата се менува, и гласи:

1. д-р Мишела Темков, доцент, претседател
2. д-р Емилија Тошиќ, доцент, член
3. Деа Митева, студент, член
4. Ива Стефановска, студент , член
5. Тијана Петејчук, студент, член

**Член 5**

Во член 4 од Одлуката, се додва нов став, кој гласи:

„Собирите на студенти ќе се одржат во термини кои ќе ги определи Изборната комисија, за што навремено ќе бидат известени студентите преку соопштение на веб страната на Факултетот, огласната табла на Факултетот и преку електронска пошта“.

**Член 6**

Во член 5 став 3 од Одлуката, датумот на поднесување на кандидатура со пријава и потписите за подршка за претседател се менува, односно наместо 18 јануари 2022 година, кандидатурите се поднесуваат до **18 февруари 2022 година.**

**Член 7**

Поднесените кандидатури за претседател на Факултетското студентско собрание до донесување на оваа Одлука се важечки.

**Член 8**

Во останатиот дел Одлуката бр. 02-1944/1 од 30.12.2021 година останува непроменета.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

в.д. Декан

проф. д-р Благој Ризов

Изработил: м-р Марко Стефановски